ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
NDËRMARJA PUBLIKE
ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА
UJËSJELLËSI DHE KANALIZIMI
Број, Numer 0401-4243/40
Дата, Data 24-06-2026
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 21 од Законот за работни односи, член 37-м од Законот за јавни претпријатија, член 19 од Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас за вработување и интерниот оглас за унапредување, начинот на поднесување на пријавата за вработување и унапредување, начинот на спроведување на селекцијата за вработување и за унапредување како и начинот на бодирањето за давателите на јавните услуги и член 31 став 1 точка 9 од Статутот на ЈП Водовод и канализација – Скопје, а врз основа на Јавнот оглас бр.6/2026 година за вработување на даватели на јавни услуги во областа на комуналните дејности и на други дејности заради кои се основани јавните претпријатија од групата III и подгрупа V во ЈП Водовод и канализација – Скопје на неопределено време објавен во дневните весници Слободен Печат, Коха и Нова Македонија, в.д директорот на претпријатието донесе

# **ОДЛУКА**

за избор на кандидат за склучување
Договор за вработување на неопределено време

**Член 1**

Од пријавените кандидати по Јавниот оглас објавен во дневните весници Слободен Печат, Коха и Нова Македонија на ден 01.06.2026 година, за засновање на работен однос на 2 (два) извршители на работно место Водоинсталатер КДР0305В01004 во Одделение за одржување на водоводната мрежа - Регион Исток во Сектор Водовод – 2 (два) извршители, се избраа кандидатите:

**1. Ивица Илиевски**
**2.Томе Крстевски**

**Член 2**

Изборот меѓу пријавените кандидати е извршен во согласност со Правилникот за систематизација на работните места во ЈП Водовод и канализација – Скопје, Записникот од спроведената административна селекција од страна на Комисијата за селекција на кандидати арх. Бр.0401-4243/26 од 18.06.2026 година, и Записникот од извршената селекција од страна на Комисијата за селекција на кандидати арх.бр.0401-4243/33 од 22.06.2026 година, по Јавен оглас бр.6/2026 за вработување на даватели на јавни услуги во областа на комуналните дејности и на други дејности заради кои се основани јавните претпријатија од групата III и подгрупа V во ЈП Водовод и канализација - Скопје на неопределено време.

**Член 3**

Избраниите кандидати ќе засноваат работен однос по конечноста на оваа одлука со потпишување на Договор за вработување помеѓу работникот и работодавачот.

**Член 4**

Одлуката за избор да се достави до кандидатите и да се објави на интернет страницата и на огласна табла на претпријатието.

**Член 5**

За спроведување на одлуката се задолжува Сектор Човечки ресурси.

Образложение

Со одлуката арх.бр.0401-4243/1 од 22.05.2026 година донесена од в.д директорот на ЈП Водовод и канализација – Скопје распишан е Јавен оглас бр.6/2026 за прием на даватели на јавна услуга на неопределено време за работно место Водоинсталатер КДР0305В01004 во Одделение за одржување на водоводната мрежа - Регион Исток во Сектор Водовод.
Јавниот оглас бр.6/2026 беше објавен на ден 01.06.2026 година во дневните весници Слободен Печат, Коха и Нова Македонија.
Комисијата за селекција на кандидати по јавниот оглас бр.6/2026 за вработување на даватели на јавна услуга на неопределено време на ден 18.06.2026 година изврши административна селекција на документите од кандидатите кои аплицирале при што констатира дека на јавниот оглас бр.6/2026 за вработување на даватели на јавна услуга за работното место место Водоинсталатер КДР0305В01004 во Одделение за одржување на водоводната мрежа - Регион Исток во Сектор Водовод – 2 (два) извршители, се пријавиле вкупно 2 (два) кандидати.

Комисијата од кога ги разгледа документите од кандидатите кои аплицираа, ја изврши административната селекција и утврди дека аплицирале 2 (два) уредни кандидати.

Комисијата утврди дека:

1. Пријавите за вработување бр.0401-4243/12 од 05.06.2026 година доставена од кандидатот Ивица Илиевски и бр.0401-4243/18 од 12.06.2026 година доставена од кандидатот Томе Крстевски се уредни.

По спроведено интервју со кандидатите кои ги исполнуваат условите предвидени со јавниот оглас, комисијата за селекција на кандидатите изготви Записник арх.бр.0401-4243/33 од 22.06.2026 година со конечна ранг листа со име и презиме на кандидатиите со освоени вкупно бодови од сите фази на селекција и

му предложи на в.д директорот, согласно член 21 од Законот за работни односи, член 37-м од Законот за јавни претпријатија и Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас за вработување и интерниот оглас за унапредување, начинот на поднесување на пријавата за вработување и унапредување, начинот на спроведување на селекцијата за вработување и за унапредување како и начинот на бодирањето за давателите на јавните услуги, а врз основа на Јавниот оглас бр.6/2026 за вработување на даватели на јавни услуги во областа на комуналните дејност и на други дејности заради кои се основани јавните претпријатија од група III и подгрупа 5 во ЈП Водовод и канализација -Скопје на неопределено време објавен на ден 01.06.2026 година во дневните весници Слободен Печат, Коха и Нова Македонија, да донесе одлука со која за склучување договор за вработување за работно место Водоинсталатер КДР0305В01004 во Одделение за одржување на водоводната мрежа - Регион Исток во Сектор Водовод – 2 (два) извршители, ќе се изберат кандидатите :

**1. Ивица Илиевски**
**2.Томе Крстевски**

Врз основа на горенаведеното, се донесе одлука како во депозитивот.

**Правна поука:** Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Управниот одбор на ЈП Водовод и канализација- Скопје, во рок од 8 (осум) дена од денот на приемот на одлуката.

ДОСТАВЕНО ДО
- Кандидатите
- Сектор човечки ресурси х 2
- Архива на директор
- Архива

ЈП Водовод и канализација -Скопје
в.д Директор,
м-р Иван Митровски

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА • NDËRMARJA PUBLIKE UJËSJELLËSI DHE KANALIZIMI • СКОПЈЕ SHKUP